Co-funded by
the European Union



# СЛЕДЕТЕ ГИ ВЕСТИТЕ ОД ИНТЕРГРИН





По лансирањето на нашиот проект во 2022 година и организирањето на првите Интергрин активности, како што се: истражувањето спроведено со дел од целните општини, креирањето на програмата за е-учење за одржливост за општините, дигиталната платформа и нејзиното тестирање, во овој Билтен ве информираме последните и најновите случувања во Интергрин.

INTERGREEN

ИНТЕРГРИН е проект чија цел е **да промовира одржливост на општините, како и да ги зајакне зелените вештини на вработените во општините** во шест држави (Португалија, Италија, Франција, Грција, Кипар и Северна Македонија). Проектот е ко-финансиран од Европската Унија во рамки на Еразмус+ програмата. Истиот е координиран од GIP FIPAN, во партнерство со ECO LOGIC, CIAPE, Synthesis, DIAS VET и Општина Лузада.

Финансиран од Европската Унија. Ставови и мислења искажаните овде се само на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската Унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската унија, ниту EACEA можат да бидат одговорни за нив.

Проект бр. 2022-1-FR01-KA220-VET-000086582

Co-funded by
the European Union



# МЕЃУНАРОДНИ ОНЛАЈН СОСТАНОЦИ




Во текот на октомври и ноември 2024 година, конзорциумот на **ИНТЕРГРИН** проектот организираше два меѓународни онлајн состаноци на кои учествуваа **повеќе од 50 учесници** од општини и организации од шестте европски држави.



Овие состаноци овозможија размена на искуства меѓу општините од различни држави, како и **можност за споделување на конкретни еколошки предизвици со кои се соочува секоја од општините**.

Целта на првиот меѓуопштински состанок беше да се презентираат целите на проектот и да се олесни поврзувањето помеѓу претставиците на општините кои учествуваа во серијата обуки. Состанокот овозможи споделување на главните еколошки предизвици и решенија на општините заради нивно меѓусебно запознавање.
На вториот состанок беа претставени едукативните игри, развиени од конзорциумот како дел од алатките за јакнење на капацитетите на општините и тоа: друштвената игра Green UP за учење преку игра во живо и нејзина дигитална верзија.



RÉPUBLIQUE FRANÇAISE
GIP FIPAN
município de lousada
ciape
eco logic
DIAS VOCATIONAL EDUCATION & TRAINING ORGANIZATION
SYNTHESIS CENTER FOR RESEARCH AND EDUCATION

# ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ



Помеѓу октомври и ноември 2024 година, **конзорциумот на проектот INTERGREEN организираше работилници во шестте држави - учеснички**. Во С. Македонија, овие работилници се организираа од Eco Logic и на истите учествуваа претставници од шест општини и тоа: Аеродром, Карпош, Кисела Вода, Чаир, Гази Баба и Кочани. Освен тоа, партнерите организираа обуки и со општините: Трикала (Грција), Ларнака (Кипар), Лузада (Пoргугалија), Ла Фарлед, Драгуњан, Жињак, Солиес-Тукас, Олиули и Витрол (Франција).



За време на овие работилници, учесниците се запознаа со **четирите модули од програмата за обука,** инаку, посветени на одржлив развој, Целите за одржливст и нивно локализирање на ниво на општините; зелени вештини и компетенции; методологијата за студија на случај, пренесувања на знаењата и искуствата на колеги и сл.



Работилниците беа одлична можност за **поврзување и дискусија помеѓу претставниците на различни сектори и одделенија** при општините, како и заедничко идентификување на предизвиците поврзани со одржлиниот развој и ко-креирање проекти и иницијативи за надминување на истите.